**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 јуни 2025 година**

**Скопје, јуни 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 јуни 2025 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ-Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор, како и м-р Марија Митева и Венера Љатифи-Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на записниците од 73-та, 79-та (тематска) и 83-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 13 мај и 10 јуни 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со дополнувања

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот просветен инспекторат

4. Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (апартман од 155 м² и помошна просторија од 95 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819), Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (земјоделско и градежно земјиште запишано во Имотен лист бр.1501, КО Богородица на КП 3180 - место викано Горка и КП 3182, КП 3181, КП 3192, КП 3189, КП 3178/4, КП 3196/1 и КП 3205/1 - место викано Милци), Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (апартман од 200 м² и помошна просторија од 48 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819), Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (апартман од 199 м² и помошна просторија од 48 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819), Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (стан од 57 м² и помошна просторија од 8 м² на ул.„Бихачка“ бр.3 во Скопје, на КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1, запишани во Имотен лист бр.31965) и Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (стан од 38м² и помошна просторија од 6м² на ул. „Бихачка“ бр.3 во Скопје, на КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1, запишани во Имотен лист бр.31682)

5. Предлог-одлука за определување на централно тело за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита

6. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (патничко моторно возило – БМВ Х5) и Предлог-одлука за продажба на движна ствар (патничко моторно возило – Лада Нива)

7. Годишна сметка, Годишен извештај за работењето и финансиски извештаи, со Извештај од независниот ревизор за 2024 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје, со предлог-одлуки

8. Информација за состојбата и потребите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.– Скопје

9. Информација во врска со измена на Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

10. Информација во врска со одобрувањето на работењето на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија по однос на давањето заем на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје

11. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог-одлука

12. Годишна сметка, Консолидирана годишна сметка, финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работењето, за периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

13. Информација во врска со Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве стрекчерс ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD) со бр.13-1008/1 од 19.8.2020 година, со текст на Анекс-договор бр.1 и Предлог-одлука

14. Информација во врска со Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.С. бр.13-964/1 од 2.7.2019 година, со Анекс договор бр.1 и со Предлог-одлука

15. Информација за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, со бр.13-49/1 од 3.1.2017 година, со текст на Анекс-договор бр.1 и Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на енергија „ЦММ енерѓи компани“ ДООЕЛ експорт- импорт Скопје

17. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин Деве Баир, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

18. Информација во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за проектирање, градежништво, производство, трговија и услуги ФЕЦ Димонце ДООЕЛ Штип и Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги МИТ Солар ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Билјана Дончевска, ул. „Браќа Миладинови“ бр.46, Делчево, со Предлог-одлука

20. Информација за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Спасе Додевски во КО Канарево, Општина Старо Нагоричане, Куманово, со Предлог-одлука

21. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на храна и трговија ПЛАСЕТ ДОНЕР & БУРГЕР ДООЕЛ Скопје , како корисник на финансиска поддршка, со Предлог – одлука

22. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2025 година

23. Предлог-одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии

24. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје за ГП бр.2.2

25. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба

26. Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

27. Информација за Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија – Петти круг на евалуација, со Адендум

28. Информација за потребата од изготвување на нова Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028, со ревидирана Стратегија и ревидиран Акциски план

29. Информација за спроведување на политика на НАТО за градење отпорност преку подготовка на Национален план за континуитет на Владата и критични владини услуги

30. Извештај за завршени преговори за склучување на Протоколот за Амандман бр.1 во врска со Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Протокол за Амандман бр.1

31. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

32. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти кои се наоѓаат во кампот „Васко Карангелески“ во Св.Наум, на КП бр.2253/1, КО Љубаништа, Општина Охрид)

33. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на второстепена военолекарска комисија

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство

35. Предлог на закон за изменување на Законот за државните награди, по скратена постапка

36. Предлог на закон за изменување на Законот за библиотеките, по скратена постапка

37. Информација за имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања

38. Информација со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година, со Предлог-одлука

39. Информација за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство, со Предлог-одлука и Предлог-решение

40. Информација за потребата од централизирано управување со клауд услуги во јавниот сектор

41. Информација за техничка поддршка за изработка на проектна документација за „Проширување на затворената владина мрежа“

42. Информација по однос на обврските на Република Северна Македонија, како земја потписничка на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација

43. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт (спортска сала „Наум Наумовски-Борче“ – Партизан), со Предлог-одлука

44. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (спортски терени во склоп на Спортско-рекреативниот центар „Крушино“ во Кичево)

45. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (15 патнички моторни возила, за старо железо), со Предлог-одлука

46. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, поднесен од група пратеници

47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници

48. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

49. Иницијатива од Адвокатското друштво Георги Димитров адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ. бр.27/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредби на членот 4 став (1) дел В. Неметални минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/24)

50. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 167 став 3 во делот „Законот за државните службеници“ од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25)

51. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.23/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став 3 во делот „Академијата за судии и јавни обвинители“ од Законот за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10)

52. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/2025 за оценување на уставноста на член 59 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 253/23) и делот „не" од членот 63 став 3 од истиот закон

53. Иницијатива од Љупчо Божиновски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 35/2025 за оценување на уставноста на член 17 став (3) од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23)

54. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.40/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „актите" и член 26 во делот „акт" од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 50/24)

55. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.41/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 32 став 2 во делот „може" и делот „одлуките" од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/23 и 50/24)

56. Иницијатива од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.45/2025 за оценување на уставноста на член 86 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23)

57. Иницијатива од адвокат Боби Спирковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2025 за оценување на уставноста на член 54 став (1) и став (2) и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25)

58. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 19 став 1, во делот: „управува" и член 20-а во деловите: „или подзаконски акт донесен од Управниот одбор на Дирекцијата" и „може да се обезбедат и од сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата" од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15,

173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25)

59. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4739, за КО Горно Лисиче, на КП бр.4036/1, викано место/улица „Г.Лисиче“

60. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.784, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.721/2, викано место/улица „Мандра“

61. Понуда од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1510, на КП бр3357/2, за КО Слатино, викано место/улица „Село“

62. Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103132, на КП бр.3202/1, за КО Охрид 4, викано место/улица „Дебело Поле“

63. Понуда од нотар Марија Лазова Ѓорчева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.435, на КП бр.2540/3, за КО Сопот, викано место/улица „Вршник“

64. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.48558, на КП бр.3988/2, за КО Центар 1, викано место/улица „380“

65. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1895/2022 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21869, за КО Охрид 4, на КП бр.3848, викано место/улица „Живко Чинго“ бр.186, Охрид

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози
68. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот август - декември 2024 година)

69. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, за период од 1.10.2024 година до 31.12.2024 година

70. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје, за период од 1.1.2025 година до 31.3.2025 година

71. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.10.2024 година до 31.12.2024 година

72. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, со споредбена анализа

73. План за изменување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година

74. Финансиски план на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2025 година

75. Одлука за измена на финансиски план за 2025 година на АД Аеродорми на Република Северна Македонија

76. Информација за бројот на хаварисани противпожарни возила кои не се користат, а има можност за нивно оспособување

77. Информација за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација - М-НАВ АД Скопје за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Акционерското друштво, со Прелиминарен Годишен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација - М-НАВ АД Скопје за 2024 година

78. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци, со прилози и Предлог-одлука

79. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за водостопанство за 2025 година

80. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година

81. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (трета одлука)

82. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (десетта одлука)

83. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (единаесетта одлука)

84. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1568/4)

85. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1572/5)

86. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1568/3)

87. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1568/5)

88. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (стота одлука)

89. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и втора одлука)

90. Информација за обезбедување на авионски транспорт со државниот воздухоплов на македонски граѓани од Шарм Ел Шеик, Египет до Република Северна Македонија, по настанатата состојба во Израел

91. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс Бет“ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Скупи“ бр.1Г/1-д.п.1 Скопје-Карпош за уплатно-исплатното место во Подружница 39 Тифани Скопје на ул. „Васил Главинов“ бр.14/1 Скопје–Центар

92. Предлог на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година

93. Информација за итно постапување за имплементација на повикот „ЕУ за зелена економија“

94. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година

95. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Миливоје Никиќ против Северна Македонија А.бр.23839/22

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, Записникот од Седумдесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година и Записникот од Осумдесет и третата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Владимир Ѓорчев, национален координатор за демографија, млади и човечки ресурси, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“ и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 2**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со дополнувања, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот просветен инспекторат, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, на квартално ниво да ја известува Владата за преземените активности и имплементацијата на препораките од Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на конфискуван имот (апартман од 155 м² и помошна просторија од 95 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819),

2. Одлуката за продажба на конфискуван имот (земјоделско и градежно земјиште запишано во Имотен лист бр.1501, КО Богородица на КП 3180 - место викано Горка и КП 3182, КП 3181, КП 3192, КП 3189, КП 3178/4, КП 3196/1 и КП 3205/1 - место викано Милци),

3. Одлуката за продажба на конфискуван имот (апартман од 200 м² и помошна просторија од 48 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819),

4. Одлуката за продажба на конфискуван имот (апартман од 199 м² и помошна просторија од 48 м² на ул.„Тодор Александров“ бр.79 во Скопје, на КП 2606 дел 1, КО Центар 2, запишани во Имотен лист бр.160819),

5. Одлуката за продажба на конфискуван имот (стан од 57 м² и помошна просторија од 8 м² на ул.„Бихачка“ бр.3 во Скопје, на КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1, запишани во Имотен лист бр.31965) и
6. Одлуката за продажба на конфискуван имот (стан од 38 м² и помошна просторија од 6 м² на ул.„Бихачка“ бр.3 во Скопје, на КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1, запишани во Имотен лист бр.31682).

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за определување на централно тело за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита.

**Точка 6**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 јуни 2025 година ги донесе Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило – БМВ Х5) и Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило – лада нива).

**Точка 7**

Владата ги разгледа Годишната сметка, Годишниот извештај за работењето и финансиските извештаи, со Извештајот од независниот ревизор за 2024 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје, со предлог-одлуки и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2024 година.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2024 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2024 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и потребите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.– Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди мерка и финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година за потребите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.–Скопје од мерката 122 во висина од 100% износ.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измена на Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрувањето на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, по однос на давањето заем на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост- Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот да ја разгледа можноста за да се продолжи рокот за уште шест месеци за враќање на долгот од страна на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост- Скопје.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ги разгледа Годишната сметка, Консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето, за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

6. Ја донесе Одлуката за распределба на добивката остварена во 2023 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Исто така, Владата укажува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве стрекчерс ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD) со бр.13-1008/1 од 19.8.2020 година, со текст на Анекс-договор бр.1 и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве стрекчерс ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD) со бр.13-1008/1 од 19.8.2020 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.С. бр.13-964/1 од 2.7.2019 година, со Анекс-договор бр.1 и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.С. со бр.13-964/1 од 2.7.2019 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, со бр.13-49/1 од 3.1.2017 година, со текст на Анекс-договор бр.1 и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, со бр.13-49/1 од 3.1.2017 година.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на енергија „ЦММ енерѓи компани“ ДООЕЛ експорт- импорт Скопје, поради потребата предлагачот материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин Деве Баир, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин Деве Баир, Општина Крива Паланка.

**Точка 18**

Владата, на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за проектирање, градежништво, производство, трговија и услуги ФЕЦ Димонце ДООЕЛ Штип и Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги МИТ Солар ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Билјана Дончевска, ул. „Браќа Миладинови“ бр.46, Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Спасе Додевски во КО Канарево, Општина Старо Нагоричане, Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на храна и трговија ПЛАСЕТ ДОНЕР & БУРГЕР ДООЕЛ Скопје , како корисник на финансиска поддршка, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на храна и трговија ПЛАСЕТ

– ДОНЕР & БУРГЕР ДООЕЛ Скопје, како корисник на финансиска поддршка, бр.09-8134/1 од 8.8.2023 година.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на храна и трговија ПЛАСЕТ ДОНЕР & БУРГЕР ДООЕЛ Скопје, како корисник на финансиска поддршка, бр.09-8134/1 од 8.8.2023 година.

**Точка 22**

Владата ја донесе Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2025 година.
Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за внатрешни работи.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Совет за управување со јавни финансии.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје за ГП бр.2.2.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 26**

Владата го донесе Решението за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија – Петти круг на евалуација, со Адендум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за објавување на Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија – Петти круг на евалуација.

2. Се задолжува Министерството за правда во рок од десет дена да го информира ГРЕКО за согласноста на Владата на Република Северна Македонија за објавување на Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија – Петти круг на евалуација.

3. Се задолжува Министерството за правда да го објави Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија на својата веб-страница во превод на македонски јазик, во согласност со правилата на ГРЕКО за објавување на извештаите (заедно со ГРЕКО – на ист ден и во ист час).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување на нова Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028, со ревидирана Стратегија и ревидиран Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 година.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година – Акциски план 2025-2026.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од осум дена, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за формирање Национален совет за финансиски истраги и конфискација на имот.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од осум дена, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 година, со Акциски план 2025-2026.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на политика на НАТО за градење отпорност преку подготовка на Национален план за континуитет на Владата и критични владини услуги и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена, да формираат своја работна група за спроведување на политиките на НАТО за градење на отпорност, а во рок од 30 дена од формирањето на работната група да ги утврдат целите и приоритетите на линија на одговорноста и истите да ги доставаат до Центарот за управување со кризи и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од 20 дена, да формира работна група со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, за изработка на анализа на постојните капацитети на комуникациските системи, со предлог за нивна надградба и со предлог-проект за воспоставување национален комуникациски систем за безбедна размена на национални и НАТО информации помеѓу носителите на одговорности за

спроведување политика на НАТО за градење отпорност, кој ќе содржи предлог-активности, буџет и временска рамка.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во рок од 15 дена, да достават до Министерството за дигитална трансформација номинација на член и заменик-член за работна група за изработка на анализа на постојните капацитети на комуникациските системи со предлог за нивна надградба и со предлог-проект за воспоставување национален комуникациски систем за безбедна размена на национални и НАТО информации.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, по изготвувањето на предлог-проектот за воспоставување национален комуникациски систем за безбедна размена на национални и НАТО информации помеѓу носителите на одговорности за спроведување политика на НАТО за градење отпорност, истиот во рок од шест месеци да го достави до Владата.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, на секои три месеци, да ја информира Владата за напредокот на активностите од заклучокот бр.2.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Протоколот за Амандман бр.1 во врска со Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Протокол за Амандман бр.1 и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за Амандман бр.1 во врска со Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

2. Се определува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот за Амандман бр.1 во врска со Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на директорат за правни работи во Министерството за одбрана.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти кои се наоѓаат во кампот „Васко Карангелески“ во Св.Наум, на КП бр.2253/1, КО Љубаништа, Општина Охрид).

**Точка 33**

Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на второстепена военолекарска комисија и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на второстепена военолекарска комисија, со заклучок предлагачот да го комплетира истото.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за државните награди, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за библиотеките, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Државниот завод за статистика, а им се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, во рок од 14 дена, до Министерството за култура и туризам да достават номинации на лица кои ќе бидат членови во Работната група за изработка на Периодичниот извештај за имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од 30 дена по добивањето на номинациите, да ја формира Работната група за изработка на Периодичниот извештај за имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство.

По влегување во сила на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство, Владата да го донесе Решението за назначување на претседавач, членови и заменици-членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од централизирано управување со клауд услуги во јавниот сектор, за наредната седница на Владата.

**Точка 41**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за техничка поддршка за изработка на проектна документација за „Проширување на затворената владина мрежа“.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на обврските на Република Северна Македонија, како земја потписничка на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 15 дена да ја започне процедурата за подмирување на редовната членарина во Рамковната конвенција за контрола на тутунот и процесот на подмирување на членарината.

2. Се определува Делегација која ќе учествува на Единаесеттата конференција на земјите-договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, Рамковната конвенција за контрола на тутунот (РККТ) во Женева, од 17 до 22 ноември 2025 година и ќе ги застапува интересите на Република Северна Македонија, во состав:
-Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, за шеф на Делегацијата,
-Александра Ристовска-Евтимова, помошник раководител на сектор во Министерство за здравство, за член на Делегацијата и
-Неда Груевска, помошник раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за член на Делегацијата.

3. Се задолжува Министерството за здравство да достави информација до Владата, во која назначената делегација во координација со сите надлежни институции ќе изготви национална позиција за учеството на Единаесеттата конференција на земјите-договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, Рамковната конвенција за контрола на тутунот (РККТ) во Женева, од 17 до 22 ноември 2025 година и притоа да направи анализа на сите клучни ставови кои треба да се истакнат на Конференцијата, најдоцна до 1 септември 2025 година.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт (спортска сала „Наум Наумовски-Борче“ – Партизан), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (спортски терени во склоп на Спортско-рекреативниот центар „Крушино“ во Кичево).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на движни ствари (15 патнички моторни возила, за старо железо), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, поднесен од група пратеници, нема забелешки по текстот на истиот и дава позитивно мислење.

## Точка 47

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници и по текстот на истиот нема забелешки и дава позитивно мислење.

## Точка 48

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со наведениот Предлог на закон подносителите предлагаат да се зголемат роковите за застареност на кривичното гонење, како и роковите за застареност на извршување на казната и за застареност на извршувањето на споредните казни, мерките на безбедност и алтернативните мерки. Исто така, подносителите предлагаат во членот 112 од Кривичниот законик, кој ја уредува материјата на незастарливост, да се додадат и Глава дваесет и трета „Кривични дела против имотот", Глава дваесет и петта „Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството", Глава дваесет и осма „Кривични дела против државата" и Главата триесетта „Кривични дела против службената должност".

Во однос на предложените измени за зголемување на роковите на застареност, се смета дека наведените рокови во постојниот Кривичен законик се соодветни со казнената политика на пропишаните казни за кривичните дела и не постои потреба за зголемување на овие рокови.

Со оглед на тоа дека изготвувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик е во завршна фаза, со кој, меѓу другото, ќе биде интервенирано во членовите 353 „Злоупотреба на службената положба и овластување“ и 353-в „Несовесно работење во службата“, преку зголемување на казните, а со тоа рокот на застареност на овие дела би бил подолг, согласно општите одредби на Кривичниот законик, донесувањето на Предлогот на закон би било беспредметно.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата од Адвокатското друштво Георги Димитров адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ. бр.27/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредби на членот 4 став (1) дел В. Неметалични минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/24) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 4 став (1) дел В.

Неметалични минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, поради што смета дека оспорените одредби не се во согласност со одредбите од членот 75 и членот 76 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), како и член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, во однос на поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4 став (1) дел В. Неметалични минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, се укажува дека оспорените одредби на член 4 став (1) дел В. Неметалични минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот кој е предмет на оценување се донесени во согласност со одредбите од членот 75 и членот 76 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25).

Согласно член 75 став (1) од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа:
- годишен надоместок за користење на просторот доделен со концесијата за експлоатација, а во зависност од видот на минералната суровина што е предмет на концесијата за експлоатација и
- надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Согласно став (2) од истиот член, концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини, концесионерот е должен да го плаќа за секоја година одделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година.

Според став (3) од истиот член, плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатираната количина на минерални суровини се врши на секои три месеци за продадените, односно за употребените за сопствено производство, количини на минералните суровини од страна на концесионерот, за што концесионерот е должен да ги уплати надоместоците најдоцна до 15 во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка. За продадените, односно употребените количини на минерални суровини на секои три месеци, концесионерот е должен да достави пресметка.

Согласно член 76 став (1) од Законот за минерални суровини, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

Имено, во членот 75 во ставот (2) и ставот (3) од Законот за минерални суровини е уредено како се врши плаќањето на концесиските надоместоци од ставот (1) на истиот член, поединечно за надоместокот за користење на просторот и за надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина.

Согласно член 4 став (1) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за

експлоатација на минерални суровини, за експлоатација на минерални суровини, концесионерот плаќа надоместок.

Воедно, според истиот став минералните суровини се поделени во делови А. Енергетски минерални суровини, Б. Метални минерални суровини и В. Неметални минерални суровини.

Според став (3) од истиот член, основата за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на неметаличните минерални суровини коишто се предмет на концесија за експлоатација, како и пресметка на концесискиот надоместок за експлоатација на минералната суровина мермер за кој како основа се пресметува 5% од приход остварен од продадената минерална суровина во било кој облик или форма.

Согласно став (5) од истиот член, плаќањето на концесиските надоместоци од став (1) на овој член се врши на секои три месеци за продадените, односно за употребените за сопственото производство количини на минералните суровини од страна на концесионерот, односно концесионерите се должни плаќањето на овие надоместоци да го извршат најдоцна до 15 во месецот којшто следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

Според став (6) од истиот член, вредноста на продадената минерална суровина од овој тарифник се смета цената на минералната суровина наведена во фактурата што се испорачува на пазарот, без засметан данок на додадена вредност, со што е појаснет начинот на издавање на фактурите.

Согласно став (7) од истиот член, вредноста на употребените количини на минерални суровини кои концесионерите ги користат за сопствено производство за финален производ и кои имаат дополнителна додадена вредност е 80% од надоместокот за соодветна минерална суровина утврден со овој тарифник.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно погоре наведеното се укажува дека во Тарифникот детално е дадено појаснување за плаќањето на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минералната суровина од член 75 став (1) алинеја 2 од Законот за минерални суровини.

При утврдувањето на висината на концесискиот надоместок за продадена минерална суровина за мермерите беше земена предвид препораката од извршената ревизија на успешност „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерална суровина и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“ на Државниот завод за ревизија со која беше утврдено дека висината на надоместоците од продажната цена не е реална односно, продажната цена на мермерот варира од 100 до 2.200 евра по тон зависно од класата и квалитетот. Фиксната цена на концесискиот надоместок овозможува нерамноправно оптоварување на концесионерите на мермер, поради тоа е дадена препорака за утврдување на нов начин за пресметка на концесиските надоместоци за експлоатација на минерални суровини, односно определен процент од приходите остварен од продадена минерална суровина кој овозможува рамноправно оптоварување на концесионерите со концесиски надоместоци.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорените одредби на членот 4 став (1) дел В. Неметални минерални суровини точка 6, член 4 став (3) и член 4 став (6) од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/24), се во согласност со одредбите од членот 75 и членот 76 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), како и со одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, така што предметната Иницијатива е беспредметна, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата како правно неоснована.

## <u>Точка 50</u>

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 167 став 3 во делот „Законот за државните службеници“ од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25), поради потребата Министерството за култура и туризам, во соработка со Министерството за јавна администрација да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

## <u>Точка 51</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.23/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став 3 во делот „Академијата за судии и јавни обвинители“ од Законот за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „Академија за судии и јавни обвинители“ од член 1 став (3) од Законот за судскиот буџет, од причина што оспорената одредба е спротивна на Амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија, каде е пропишано дека „Судската власт ја вршат судовите“ и Амандман XXVIII од Уставот на Република Северна Македонија каде е пропишано дека „Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството“.

Во Иницијативата е наведено дека „Академијата за судии и јавни обвинители, не е основана од „судската власт“, односно од тоа кој ја извршува „судската власт“. Академијата за судии и јавни обвинители е основана со Законот за Академија за судии и јавни обвинители од страна на Собранието на Република Северна Македонија.“. Исто така, наведено е дека од Уставот како целина и од Законот за судовите не произлегува дека Академијата за судии и јавни обвинители на било кој начин ја извршува судската власт или на било кој начин учествува во извршувањето на судската власт.

Дополнително, подносителите на предметната Иницијатива навеле дека „иако востановена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Академијата за судии и јавни обвинители како „друга јавна установа“, имајќи го напред изложеното, самиот пропис – Закон за Академија за судии и јавни обвинители во ниту еден член не ја определува попрецизно дејноста од јавен интерес онака како што го допушта тоа Законот за установите во неговиот член 3, а кој е цитиран во целост како во претходниот став“.
Согласно член 1 од Законот за судскиот буџет:
(1) Со овој закон се уредува постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет.

(2) Со судскиот буџет се обезбедува стабилно, долгорочно, рамномерно и соодветно финансирање на судската власт, а со цел да се обезбеди нејзината уставна и законска независност и самостојност.

(3) Со судскиот буџет се финансираат судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: единки корисници).

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на кандидатите за судии и јавни обвинители кој го стекнале, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски, а во склад со востановените кадровски потреби на правосудството во Република Северна Македонија.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на Академијата за судии и јавни обвинители е важен чекор во процесот на судските реформи заради зголемување на професионализмот во областа на правото, а кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите. Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба од Законот, потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 50/24), Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/07, 100/11 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.42/20), од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Законот за Академија за судии и јавни обвинители го уредува приемот и стручното усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, кои кандидати за да се стекнат со тој статус минуваат низ комплексен процес на селекција и рангирање, по што се стекнуваат со статус на слушатели во Академијата. Тие засноваат работен однос на определено време во Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до нивниот избор за судија или јавен обвинител и за тоа време имаат право на плата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основното јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно со закон.

Дополнително, со Законот се уредува посебниот режим на права и обврски кои го уживаат слушателите и подоцна кандидатите за судии и јавни обвинители. Имено, Академијата ги вработува слушателите на почетната обука, кои за времетраење на обуката примаат полна плата и ги поседуваат сите права од работниот однос, со обврска успешно да ја завршат почетната обука во Академијата, по што следи обезбеден избор за судија или јавен обвинител. Ваквата посебна привилегија е системски овозможена за правосудниот систем да обезбеди сигурен прилив на кадри кои ќе ги задоволат проценетите потреби во сите апелациони подрачја во државата.

Слушателот на почетната обука однапред е запознаен со утврдените законски решенија кои произлегуваат од член 50 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со кој се регулира начинот на стекнување статус на кандидат за судија или јавен обвинител по завршување на почетната обука, значењето и изборот на судии и јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршиле почетната обука, како и начинот на губење на статусот на кандидат за судија или јавен обвинител, од каде што произлегува дека бесцелно е да се прифати оваа иницијатива под претпоставка дека секое лице кое се пријавува на оглас за приемен испит во Академијата ги прифаќа предвидените услови утврдени со закон пред да се стекне со статус слушател, односно подоцна кандидат во Академијата за судии и јавни обвинители.

По положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, сè до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите, односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата.

Согласно член 30 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители врз основа на анализа на евидентираните слободни места за судии и јавни обвинители, како и проекцијата за потребите за човечки ресурси по апелациони подрачја за следните две години, најдоцна до 31 март во тековната година доставуваат одлуки до Академијата, врз база на кои се определува вкупниот број на слушатели на почетната обука.

Овие одлуки се базираат на евидентираните кадровски потреби на правосудниот систем во Република Северна Македонија, а кои треба да бидат исклучиво пополнети со кандидати од Академијата со завршена почетна обука, со оглед на соодветната системска и законска уреденост. Ова е согласно препораката на Оценската мисија ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители од април 2018 година, а согласно која „не постои планирање на човечки ресурси и нема стратешко планирање за вработување на судии или јавни обвинители, ниту за правни соработници и друг помошен персонал. Огласот за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се чини дека е направен по случаен избор.“. Советите располагаат со сите потребни статистички показатели (број на судии и стручен персонал, број на предмети по судови по област, движење на предмети по години и согласно

ново предвидената надлежност истиот мора да ја следи работата на судовите и судиите) и истиот има капацитет за исполнување на наведената обврска.

Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители претставуваат кадри планирани за пополнување на испразнетите работни позиции во основните судови и јавни обвинителства. Постапката за нивниот избор е уредена со Законот за Судскиот совет и Законот за Совет на јавните обвинители врз основа на законски пропишаните критериуми.

Согласно член 46 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на судија веднаш по упразнување на судиското место или по утврдена потреба за судиско место“.

Со ставот 2 од истиот член се определува дека „Во одлуката за објавување на огласот за избор на судија се наведува и потребната специјализација (кривична, граѓанска, стопанска, управна област или друга област од делокругот на работата на судот) за пополнување на празното судиско место, а согласно со претходно доставеното барање од страна на судот до Советот со кое се бара пополнување на судиско место.“.

Согласно член 36 став (1) од Законот за Советот на јавните обвинители „Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител веднаш по упразнување на местото јавен обвинител или по утврдената потреба за јавнообвинителско место.“.

Согласно член 37 став (1) „Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство рангиран според постигнатиот успех на листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители кои се јавиле на огласот по година на завршување на обуката.“.

Со членот 32 став 1 од Уставот, на сите граѓани им се овозможува правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, а додека, пак, ставовите 2 и 3 пропишуваат дека на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и за извршената работа има право на соодветна заработувачка. Според ставот 5 од истиот член „Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори“.

Во поглед на делот кој се однесува на „единки корисници“ од член 1 став (3) од Законот за судскиот буџет, законодавецот јасно предвидел кои органи се финансираат од судскиот буџет, а тоа се судовите, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители.

Воедно, државата преку судскиот буџет целосно го финансира обучувањето на идните кандидати за судии и јавни обвинители и за време на обуката, како што е напоменато, истите засноваат работен однос со Академијата и имаат обврска да се јавуваат на огласите за пополнување на упразнетите судиски/јавнообвинителски места. Впрочем, Академијата за судии и јавни обвинители иако не претставува орган на судската власт, има важна улога имајќи предвид дека државата е таа што вложува во создавањето на стручни и професионални кадри, а се со цел за создавање и одржување на независно правосудство.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 1 став (3) во делот „Академија за судии и јавни обвинители“ од Законот за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/2025 за оценување на уставноста на членот 59 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 253/23) и делот „не" од членот 63 став 3 од истиот закон и притоа го утврди следното мислење:

Со оваа иницијатива подносителот предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 59 и делот „не“ од членот 63 став 3 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23).

Согласно наведеното во поднесената Иницијатива, во членот 63 став 3 од Законот за прекршоците „Прекршочниот орган не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот“. Овој член е во делот со наслов „Прекршочна постапка пред прекршочен орган“, како дел од Главата девет со наслов „Општи одредби и тек на постапката“. Согласно членот 2 став 3 од истиот закон – „Прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено“. Исто така, во Иницијативата е наведено дека можноста на прекршочниот орган да НЕ е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот за прв пат се пропишува со Законот за прекршоците од 2019 година, додека во претходните закони (од 2006 и 2015 година), тоа не било случај.

Понатаму, се наведува дека „За разлика од судската одлука донесена во прекршочна постапка која може да биде предмет на испитување од повисок суд, одлуката на прекршочниот орган се испитува од суд. Природата на одлуката донесена од првостепениот суд по спроведена прекршочна постапка не станува правосилна доколку жалбата биде изјавена во рокот предвиден за тоа додека одлуката на прекршочниот орган секогаш мора да е правосилна како би била предмет на испитување на надлежен суд ако против таквата одлука на прекршочнот орган биде изјавен правен лек.“.

Исто така, подносителот наведува дека „Според одредбите од Законот за општата управна постапка, кои се применуваат во постапката пред прекршочниот орган, со диспозитивот или изреката на решението се одлучува за предметот на работата. Оттука, со тоа што со оспорениот дел „не“ од членот 63 став (3) од Законот за прекршоците, постои можност, органот самостојно да ја менува правната квалификација на прекршокот даден како во барањето за поведување на прекршочна постапка што може да доведе до неизвестност при воспоставување на нова состојба различна од онаа што ја дал како предлог подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка. Таквата неизвесност не е дозволена во правниот поредок кој инсистира на тоа да се воспоставуваат такви односи меѓу страните во однос на еден спор па дури и кога станува збор за односот сторител на прекршок пријавител на прекршокот на начин што, може да се очекува исход кој нема да дозволи арбитрерно постапување на било која од страните во спорот, а со тоа и да не дојде до нарушување на начелото на владеење на правото пропишано со Уставот.“.

Во вториот дел од поднесената Иницијатива се оспорува членот 59 од Законот за прекршоците, кој се однесува на водење на скратената постапка од страна на прекршочниот орган во точно определени случаи. Според изнесените наводи во Иницијативата, покрај претходно изнесеното (за членот 63 став 3), оспорувањето на уставноста на членот 59 е и затоа што согласно членот 2 став 3 од Законот за прекршоците, прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Законот за општата управна постапка не предвидува можност органот кога постапува по барање да спроведува скратена постапка.

Со амандманот XX од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено дека „За прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон.“.

Со Амандманот XXI „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.“.

Со овие амандмани на Уставот дадена е можност органите на државната управа да можат да водат прекршочна постапка која ќе биде пропишана со закон. Законот за прекршоците како закон кој, меѓу другото, содржи и процесни одредби и се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници ја регулира детално целата процедура за водење на прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочните санкции предвидени во истиот. Како што е предвидено во член 2 во ставот 3 во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23), прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Се истакнува, дека оспорените одредбите од членот 63 став 3 и членот 59 (скратена постапка), се целосно во согласност со наведените амандмани од Уставот на Република Северна Македонија, како и со членот 2 став 3 од Законот за прекршоците.

Законот за прекршоците со членот 70 ја гарантира судската заштита. Имено, согласно одредбите од овој член „Против решението за прекршок може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на примот на решението, а тужбата го одлага извршувањето на решението.“. Постапката пред надлежен суд, се води согласно Законот за управните спорови кој предвидува и право на жалба на одлуките на Управниот суд, со што е дозволена и двостепеност на судската постапка, како што е случајот и со прекршочните постапки кои се водат пред судовите.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од членот 63 став 3 и членот 59 од Законот за прекршоците се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот за прекршоците.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Љупчо Божиновски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 35/2025 за оценување на уставноста на член 17 став (3) од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите. Оваа уставна определба понатаму е

операционализирана со законските прописи од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Со Законот за здравственото осигурување, здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно.

Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на задолжителност, сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.

Според начелото на задолжителност, здравственото осигурување е задолжително за сите граѓани кои во член 5 став 1 од Законот се наведени како осигуреници, односно согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување. Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се регулира основицата по која се пресметува и се плаќа придонесот за здравственото осигурување и при тоа за разни групи осигуреници/обврзници за плаќање на придонесот, основицата е различна во согласност со висината на приходите кои ги остваруваат. Без оглед на висината на уплатениот придонес, врз основа на начелата на еднаквост и солидарност, сите осигуреници имаат право на еднаков пакет на здравствени услуги. На тој начин законот на сите осигуреници им обезбедува социјална сигурност, односно здравствено осигурување за случаите во кои можат да го остваруваат правото на заштита на здравјето во случај на болест и повреда.

Со задолжителното здравствено осигурување, покрај здравствените услуги опфатени се и паричните надоместоци, односно правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Правото на надоместок на плата можат да го остварат сите лица кои се во работен однос според прописите за работните односи кои за својата работа остваруваат плата, а кои не можеле да ја остварат поради тоа што биле спречени за работа поради болеста, односно повредата. Ова се однесува и на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, кое, исто така, произлегува од прописите за работните односи и им припаѓа на осигурениците кои се во работен однос и кои за својата работа би оствариле плата, а кои се спречени да ја остварат поради тоа што очекуваат раѓање на дете и отсуство поради одгледување на детето.

Согласно тоа, со Законот за здравственото осигурување на товар на средствата од задолжителното здравствено осигурување и покрај економско-социјалниот карактер на правото на надоместок на плата се гарантира висок степен на економска, односно социјална сигурност на осигуреникот. Правото на надоместок на плата е право кое произлегува и се утврдува со прописите од областа на работните односи, а со Законот за здравственото осигурување се регулираат критериумите и условите за остварување на ова право и висината на износот на надоместокот на плата. Значи, правото на надоместок на плата не произлегува од Законот за здравственото осигурување, односно ова право е право кое произлегува од работниот однос и соодветно е регулирано во Законот за работните односи, а со Законот за здравственото осигурување се регулира само начинот, условите и критериумите за користење на ова право во услови кога се користи на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување (Фонд).

Согласно тоа со членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 21, 22 и 23 од Законот за здравственото осигурување се уредуваат прашањата за правото на надоместок на плата за време на

привремена спреченост за работа поради болест и повреда, правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, условите за остварување на правото на надоместок на плата, основицата за утврдување на надоместокот на плата, висината на надоместокот на плата, исплатата на надоместокот на плата, оцена за спреченоста за работа, упатувањето на инвалидска комисија во услови на подолго траење на привремената спреченост за работа како и ситуациите кога се запира исплатата на надоместокот на плата.

Поврзано со предметната иницијатива поднесена до Уставниот суд се истакнува дека со став 1 од членот 16 од Законот за здравственото осигурување се утврдува дека основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните 12 месеци, пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Согласно ставот 2 од истиот член ако за осигуреникот не може да се утврди основица за надоместокот според став 1 на овој член, основицата за надоместокот ќе се утврди од платата што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случајот.

Согласно ставот 3 од истиот член за осигурениците од член 5 став (1) точка 3 на овој закон, основица за пресметување на надоместок на плата претставува основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.

Законодавецот понатаму со член 17 од Законот за здравственото осигурување ја утврдува висината на надоместокот на плата и тоа минималниот и максималниот износ кога исплатата на надоместокот на плата е на товар на средствата на Фондот.

Согласно став 1 од член 17 висината на надоместокот на плата за време на при време на спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата.

Согласно став 2 од член 17 по исклучок од став 1 на овој член висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата, утврдена според член 16 на овој закон.

Согласно став 3 од член 17 висината на надоместокот на плата пресметан врз основа на членот 16 на овој закон не може да биде повисока од износот на две просечни месечни плати, три просечни месечни плати во 2012 година и четири просечни месечни плати по 2012 година исплатени во Републиката во претходната година.

Оспорената одредба од став (3) на член 17 не прави разлика меѓу осигурениците врз основа на нивниот статус и финансиска состојба. Како е погоре истакнато надоместокот на плата пред се е економско социјална категорија и не претставува здравствена заштита, односно не е здравствена услуга. Осигурениците задолжително плаќаат придонес по различна основица, согласно своите остварени приходи но користат еднакви здравствени услуги. Кога станува збор за надоместокот на плата законодавецот ги утврдува критериумите за остварување на правото но истовремено утврдува критериуми и за висината на износот на ова право. Средствата на Фондот првенствено се наменети за плаќање на здравствени услуги и не станува збор за дискриминирачки одредби или противуставни одредби доколку законодавецот предвидел ограничувачки критериуми и контролни механизми за исплата на надоместоците на плата од оправдани причини, пред се да се воспостави финансиски одржлив систем.

Наводите во Иницијативата дека оспорената одредба доведува до правна несигурност на граѓаните, создава правна нестабилност, доведува до произволна примена и особено дека одредбата е во спротивност со уставното начело на владеење на правото се неточни и неосновани. Законодавецот јасно, прецизно и недвосмислено во рамките на својата надлежност а со цел на операционализација на уставната гаранција на здравствена заштита на сите граѓани во Законот за здравственото осигурување, го утврдил минималниот и максималниот износ на исплата на правото на надоместокот на плата. Ова е во согласност со основната улога и поставеност на Фондот во системот како купувач на здравствени услуги, а не како установа од економско-социјален карактер. Сите осигуреници плаќаат придонес за здравствено осигурување на месечно ниво пред се да добијат здравствена заштита тогаш кога ќе имаат потреба за тоа, а правото на надоместок на плата сепак не е здравствена заштита и согласно тоа законодавецот утврдува соодветен критериум за финансиска одржливост на касата на Фондот. На овој начин законодавецот испочитувал едно од основните начела од задолжителното здравствено осигурување, а тоа е начелото на ефективност. Токму ова начело е содржано и опфатено со оспорената законска одредба се со цел да се обезбеди ефективно и рационално трошење на паричните средства од касата на Фондот.

Имајќи го предвид горенаведеното, со оспорената одредба од Законот за здравственото осигурување не се повредени одредбите од членовите 9 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не ја прифати Иницијативата од Љупчо Божиновски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 35/2025 за оценување на уставноста на член 17 став (3) од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23).

**Точка 54**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.40/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „актите" и член 26 во делот „акт" од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 50/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „актите“ од член 22 став (1) и делот „акт“ од членот 26 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители од причина што подносителот на Иницијативата смета дека овие одредби се спротивни на начелото на владеење на правото пропишано со Уставот на Република Северна Македонија и дека одредбите во правниот промет треба да се доволно прецизни, јасни и концизни и да не остават место за арбитрерно да се толкуваат или арбитрерно да се дејствува врз основа на истите.

Во Иницијативата е наведено дека во оспорената одредба не се пропишани прецизни параметри во однос на тоа колкава може да биде висината на надоместоците и не е јасно кој го носи тој подзаконски акт.

Владата смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со Законот за Академија за судии и јавни обвинители се уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители, нејзиниот статус, дејност, органите на управувањето, финансирањето, почетната и континуираната обука.

Со членот 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители се уредуваат детално надлежностите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Имено, во ставот (1) алинеја 14 од истиот член е уредено дека Управниот одбор: „-донесува акти за прашања за кои во овој закон е утврдено овластување да ги донесува Академијата, ".

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека во делот на тоа кој го донесува предметниот акт, доволно јасно е пропишана надлежноста на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и одредбите од Законот во однос на донесувањето на подзаконските акти се јасни и прецизни.

За да се оцени уставноста на оспорените одредби од Законот потребно е истите да се разгледаат во корелација со останатите одредби од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од каде и произлегува и целта и улогата на овие законски одредби за надоместоците на предавачите и Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.

Со член 20 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители се пропишани надлежностите на Програмскиот совет на Академијата за судиите и јавните обвинители:

- донесува деловник за својата работа,

- утврдува предлог-програма за приемен испит, почетна обука и завршен испит,

- утврдува предлог-програми за континуирана (задолжителна и доброволна) обука,

- утврдува предлог – програма за новоизбраните судии во основните судови и јавни обвинители во основните јавни обвинителства,

- утврдува предлог-програма за специјализирана обука на судиите поротници, судските службеници и други специјализирани програми,

- го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност,
- ги следи и обновува програмите за обука,

- дава насоки за наставните методи и техники,

- дава мислење за листата на предавачи,

- врши оценување и евалуација на работата на предавачите на Академијата,

- врши оценување и евалуација на работата на менторите,

- врши верификација на базите на прашања и базите на студии на случај,

- дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата и

- врши други работи согласно со овој закон, Статутот и актите на Академијата.

Надоместок на членовите на Програмскиот совет е уреден со членот 22 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители и тоа:
(1) Членовите на Програмскиот совет, со исклучок на директорот, имаат право на месечен паричен надоместок согласно со актите на Академијата.
(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно со актите на Академијата и се определува врз основа на обемот на извршените работни задачи и не може да биде повисок од 45% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци.
(3) Членовите на Програмскиот совет кои имаат живеалиште или престојувалиште надвор од седиштето на Академијата, имаат право и на надоместок на реално направените патни трошоци, согласно со актите на Академијата.
(4) Месечниот надоместок предвиден за работа на членот на Програмскиот совет се исплаќа на членот и на заменик-членот пропорционално на бројот на седници на коишто присуствувал во тековниот месец за кој се врши исплатата.

Согласно член 26 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители „Предавачите имаат право на надоместок во зависност од извршената работа, односно реализираните наставни часови, обемот на подготвени прашања и студии на случај за испит, ангажман по експертски ден и слично, кој поблиску се уредува со посебен акт на Академијата.“.

Наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорените одредби не пропишуваат прецизни параметри во однос на тоа колкава може да биде висината на надоместоците не се издржани од аспект на тоа што истите се предмет на уредување на подзаконски акт за кои е дадено овластување во Законот.

Дополнително, законодавецот предвидел дека надоместокот на Програмскиот совет се определува врз основа на обемот на извршените работни задачи и не може да биде повисок од 45% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци. По однос на предавачите, предвидено е надоместок во зависност од извршената работа, односно реализираните наставни часови, обемот на подготвени прашања и студии на случај за испит, ангажман по експертски ден и слично, кој поблиску се уредува со посебен акт на Академијата.

Улогата на подзаконските акти е всушност во функција на непосредно и правилно извршување на законите, односно со подзаконските акти нормирањето продолжува таму каде што законското нормирање завршува. При тоа, за да може да се донесе еден подзаконски акт, во законот мора да е утврдено јасно законско овластување за донесување на конкретниот подзаконски акт, што всушност е сторено со наведениот член од Законот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека делот ,,актите‘‘ од член 22 став (1) и делот ,,акт‘‘ од членот 26 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 50/24) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати оваа иницијатива.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.41/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 32 став 2 во делот „може" и делот „одлуките" од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/23 и 50/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „може“ и „одлуките“ од член 32 став (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на начелото на владеење на правото пропишано со Уставот на Република Северна Македонија кој во себе обединува дека, во правниот промет треба да постојат доволно прецизни и јасни норми и истите во заедница со останатите норми, а посебно ако е потребно да формираат заедница од норми со други прописи, тоа нешто да не остава можност за забуна во примената на самата одредба.

Во Иницијативата е наведено дека оспорената одредба не е во согласност со член 45 став (1) и став (2) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/07, 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20).

Согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија:

(1) Советот со одлука врз основа на анализа го утврдува бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни места за судии во основните судови, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член Советот ја донесува со најмалку седум членови со право на глас и ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена.

Согласно член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Советот на јавните обвинители до крајот на февруари во тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободните јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за обука на судии и обвинители.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со Законот за Академија за судии и јавни обвинители се уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители, нејзиниот статус, дејност, органите на управувањето, финансирањето, почетната и континуираната обука.

Со членот 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители се уредуваат детално надлежностите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Имено, во ставот (1) алинеја 25 од истиот член е уредено дека Управниот одбор: „- донесува одлуки, решенија и заклучоци“. Имајќи го предвид наведеното, се смета дека во делот на тоа кој го донесува предметниот акт, доволно јасно е пропишана надлежноста на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и одредбите од Законот во однос на донесувањето на одлуките од страна на Управниот одбор, се јасни и прецизни.

За да се оцени уставноста и законитоста на оспорената одредба од Законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од каде и произлегува и целта и улогата на оваа законска одредба за објавување јавен оглас за прием на слушатели во почетна обука, а тоа согласно членот 32 став (1) од Законот

за Академијата за судии и јавни обвинители е надлежност на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Искуството од примената на претходните закони за Академијата за судии и јавни обвинители покажа нерамномерност при пријавувањето на оглас на кандидатите за пополнување на слободните судиски и јавнообвинителски места. Па така, на голем дел од огласите не се пријавуваа кандидати и со тоа огласите пропаѓаа, па повторно се објавуваа огласи, а за одредени места имаше преголем број на кандидати. Во судовите или јавните обвинителства за каде не беше извршен избор и покрај итната потреба, се создаваше заостаток на предмети, а со тоа граѓаните не може да го остварат законски гарантираното право на судење во разумен рок.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на кандидатите за судии и јавни обвинители кој ќе го стекнат, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски, а во склад со востановените кадровски потреби на правосудството во Република Северна Македонија.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на оваа Академија е важен чекор во процесот на судските реформи заради зголемување на професионализмот во областа на правото, а кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите. Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

Законот за Академија за судии и јавни обвинители го уредува приемот и стручното усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, кои за да се стекнат со тој статус минуваат низ комплексен процес на селекција и рангирање, по што се стекнуваат со статус на слушатели во Академијата. Тие засноваат работен однос на определено време во Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до нивниот избор за судија или јавен обвинител и за тоа време имаат право на плата на виш судски советник во основен суд и други надоместоци од плата согласно со закон.

По однос на наводите од Иницијативата дека делот „Одлуки“ не е доволно прецизен, се укажува дека Судскиот совет и Советот на јавни обвинители врз основа на анализа на евидентираните слободни места за судии и јавни обвинители, како и проекцијата за потребите од места кои ќе се пополнуваат, најдоцна до 31 март во тековната година доставуваат одлуки до Академијата, врз база на кои се определува вкупниот број на слушатели на почетната обука (член 30 став (2) од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители). Овие одлуки се базираат на евидентираните кадровски потреби на правосудниот систем во Република Северна Македонија, а кои треба да бидат исклучиво пополнети со кандидати од Академијата со завршена почетна обука, со оглед на соодветната системска и законска уреденост. Ова е согласно препораката на Оценската мисија ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители од април 2018 година, а согласно која „не постои планирање на човечки ресурси и нема стратешко планирање за вработување на судии или јавни обвинители, ниту за правни соработници и друг помошен персонал. Огласот за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се чини дека е направен по случаен избор.“ Советите располагаат со сите потребни статистички показатели (број на судии/обвинители и стручен персонал, број на предмети по судови/јавни обвинителства, движење на предмети по години и согласно нивната надлежност истите мора да

ја следат работата на судовите/јавните обвинителства и судиите/јавните обвинители) со што поседуваат капацитет за исполнување на наведената обврска.

Академијата за судии и јавни обвинители се спомнува во сите реформски документи како структура која обезбедува првична теоретска и практична обука на идните судии и јавни обвинители (како услов за вработување/именување) и како структура која обезбедува континуирана обука во специфични области од остварувањето на функциите на судиите и јавните обвинители.

Доколку се земат предвид мислењата и принципите на Европската Унија за обуката на судиите и јавните обвинители, функционирањето на Академиите компаративно во земјите – членки на Европската Унија, а од друга страна и реформските процеси кои нашата држава ги спроведува континуирано со цел приближување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, се согледува јасно дека со воведувањето на Академијата за судии и јавни обвинители беше направен голем исчекор при зголемувањето на квалитетот кај идните и постојните судии и јавни обвинители.

Дополнително, наводите на подносителот на Иницијативата дека со оспорената одредба, Академијата за судии и јавни обвинители е поставена над Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, а со тоа се доведува до прашање и извршувањето на една од функциите на овие два органи за избор и именување на судии и јавни обвинители, се смета дека се неосновани од причина што одредбата од член 32 став (2) се однесува на надлежноста на Управниот одбор да објави јавен оглас за прием на слушатели во почетна обука, а не за вршење избор и именување на судии и јавни обвинители од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.

Имајќи го предвид горе наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 32 став 2 во делот „може" и делот „одлуките" е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел од член 32 став 2 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/23 и 50/24).

## Точка 56

Владата ја разгледа Иницијативата од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.45/2025 за оценување на уставноста на член 86 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата подносителот ја оспорува одредбата од членот 86 став (1) од Законот за извршување, од причина што со оваа одредба бил повреден принципот на еднаквост на граѓаните од член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, начелото на двостепеност предвидено од член 15 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 50 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија со кој се гарантира судска заштита на законитоста на поеднинечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања, поради што предлага да се укине оспорената одредба.

Подносителот наведува, дека оспорената одредба претставува своевиден облик на дискриминација во оставарување на правото на поднесување на правен лек против првостепените одлуки, односно поединечните акти на институциите на државната управа и на други институции што вршат јавни овластувања. Според наводите во Иницијативата, странките,

односно учесниците во граѓанските, кривичните и управните постапки кога ги добиваат првостепените акти, односно првостепените одлуки на основните судови, во истите е наведена јасна правна поука со наведување на рокот за поднесување на правниот лек и органот до кој треба да се поднесе истиот. Наведено е дека оспорената одредба доведува до тоа заинтересираните странки кои имале намера да поднесат правен лек да им застари правото на поднесување на правниот лек, поради тоа што ваквата одредба е непрецизна, двосмислена и конфузна, при што остава простор за различна интерпретација при нејзината примена. Наведено е дека со оспорената одредба не го уредува целосно правото на поднесување на правен лек.

Имајќи ги предвид наводите во Иницијативата, се укажува на одредбите на член 86 став (1) од Законот за извршување, дека „Странката, учесникот или трето лице кое што смета, дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито или пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува“.

Во ставот 2 од истиот член пропишано е, дека приговорот се поднесува образложен, аргументиран и поткрепен со соодветни докази во доволен број примероци и дека се поднесува во рок од три дена од денот на осознавање на незаконитоста, односно непреземањето на дејствието, но не подоцна од три месеци по преземеното, односно непреземеното дејствие. Приговорот во никој случај не може да се поднесе по истекот на 15 дена сметано од денот на донесувањето на закучокот за намирување.

Во ставот (3) од истиот член пропишано е, дека приговорот веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по приемот на приговорот до судот се доставува на одговор, до извршителот, кој е должен во рок од 24 часа да се произнесе по приговорот. По потреба приговорот во истиот рок се доставува и до странките и учесниците. Доколку судот смета дека е потребно да ги сослуша странките, учесниците и извршителот пред судот, поканата во која се утврдени датумот и времето на сослушување ги доставува заедно со приговорот.

Според ставот (4) од истиот член надлежен судија определен со годишниот распоред за работа на Судот, одлучува по приговорот во рок од 72 часа од истекот на рокот за одговор на извршителот.

Според став (5) од истиот член, судот донесува решение по приговорот во рокот определен во ставот (4) на овој член, без оглед на тоа дали спротивната странка навремено дала одговор по приговорот или, пак, изјавила дека истиот не го оспорува.

Според став (6) од истиот член, со решението од ставот (5) на овој член приговорот може да се отфрли, одбие или усвои.

Според став (7) од истиот член, судот со решението со кое го усвојува приговорот, ги утврдува сторените незаконитости и ги става вон сила преземените извршни дејствија или, пак, го утврдува пропуштањето за преземање на определено законско дејствие.

Според став (8) од истиот член, судот со решението не може да го запре извршувањето, ниту да го задолжува извршителот да презема извршни дејствија.

Според ставот (9) од истиот член, приговорот не го задржува извршувањето, освен ако не е поинаку определено со овој закон.

Доколку странките или третите лица не се задоволни од одлуката на судот имаат право на жалба до повисокиот апелационен суд.

Во членот 87 од Законот за извршување е уредена постапката по жалба против решението по приговор.

Од горенаведеното, постапката за поднесување на правен лек во извршната постапка е целосно уредена во членовите 86 и 87 од Законот за извршување. Оспорената одредба е јасна, прецизна и недвосмислена. Со вака пропишаната одредба се обезбедува поголема правна сигурност на граѓаните и заштита на нивните права и интереси во извршните постапки кои ги спроведуваат извршителите, со што се намалува бројот на судски постапки, а се зголемува ефикасноста на извршителите, што доведува до побрзо намирување на побарувањата на доверителите и заштита на правата на странките.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорениот член 86 став (1) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), е во согласност со член 8 алинеја 3, член 9 став (2), член 15 и член 50 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли, односно да не ја прифати Иницијативата.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Боби Спирковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2025 за оценување на уставноста на член 54 став (1) и став (2) и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25) и притоа го утврди следново

Со предметната Иницијатива подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за поведување на постапка за оценување на согласноста на членот 54 став (1) и став (2) и членот 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка (во понатамошниот текст: Законот), со Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот „членот 54 став (1) и став (2) и членот 59 став (1) од Законот се спротивни на членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, каде е предвидено дека: Темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеење на правото“, како и дека споменатите членови од Законот „се спротивни на членот 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, каде е предвидено дека: Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.“

Понатаму, како образложение кон Иницијативата, подносителот наведува дека „во преодните и завршни одредби на Законот, поточно во членот 59 став (1) од истиот е предвидено дека: одредбите од овој закон се применуваат за фискалните години кои започнуваат на 1 јануари 2024 година, иако Законот стапил на сила на 3 јануари 2025 година.“ Исто така, ги цитира и одредбите од членот 54 став (1) и став (2) од Законот во кој е предвидено дека за целите на примената на членот 30 став (3) и став (4) од истиот, вредноста од 5% се заменува со вредностите наведени во табелите содржани во истиот член од Законот.

Потоа наведува дека „од погоре цитираните спорни законски одредби се гледа дека законодавецот воспоставува ретроактивна примена на Законот, односно иако Законот е донесен и стапил на сила на 3 јануари 2025 година, тој како појдовна основа за пресметување на

дополнителниот данок ја зема фискалната 2024 година и тоа со најголем процент од 10%, односно 8%, како даночна основица за пресметување на дополнителниот данок.“.

По однос на овие наводи, се истакнува дека Законот беше донесен на крајот на 2024 година со цел да се обезбеди минимално ефективно оданочување на добивката на групите на мултинационални компании и големите домашни групи. Истиот е усогласен со одредбите од Директивата на Советот (ЕУ) 2022/2523 од 14 декември 2022 година за обезбедување на глобално минимално ниво на оданочување за групи на мултинационални компании и големи домашни групи во Унијата, како и со глобалните модел правила на ОЕЦД против намалување на даночната основа („Global Anti-Base Erosion (GloBE) Model Rules“). Согласно овие модел правила, доколку ефективната даночна стапка на групата на мултинационални компании во било која јурисдикција, е пониска од 15%, другите јурисдикции може да ја наплатат разликата до 15%.

Со Законот се пропишани правила за плаќање на дополнителен данок со помош на кои ќе се постигне, ефективното оданочување на добивката на составните субјекти кои се членови на група на мултинационални компании или на голема домашна група, да изнесува најмалку 15%.

Конкретно, со Законот се пропишуваат три правила за плаќање на дополнителен данок и тоа: правилото за утврдување на квалификуван домашен дополнителен данок, правилото за вклучување на добивката и правилото за помалку оданочена добивка, со тоа што дополнителниот данок утврден според прво споменатото правило има предност пред примената на преостанатите две правила.

Во Законот се уредени основните елементи потребни за целите на пресметување и плаќање на минимален глобален данок на добивка, односно дефинирани се субјектите на кои се применува овој закон, начинот на пресметување на ефективната даночна стапка, како и начинот на пресметка на даночната основа и даночната обврска на дополнителен данок. Дополнително со подзаконски акти ќе биде пропишана формата и содржината на Пријавата на информации за дополнителниот данок, Пријавата за дополнителниот данок, Пријавата за домашниот дополнителен данок, како и начинот на плаќање на данокот.

Со членот 5 од Законот, се пропишува условот за остварениот праг на приходи, кој треба да го исполнат субјектите за да подлежат на обврските предвидени со овој закон, односно во истиот е уредено дека Законот ќе се применува на составните субјекти кои се членови на група на мултинационални компании или на голема домашна група, чијшто годишен приход во консолидираните финансиски извештаи на крајната матична компанија во најмалку две од четири фискални години изнесува 750 милиони евра или повеќе, вклучувајќи ги и приходите од исклучените субјекти.

За целите на утврдување на даночната основа на минималниот глобален данок на добивка, се земаат предвид одредбите од Глава III, IV и V од Законот во кои е уреден начинот на пресметување на квалификуваната добивка, прилагодените опфатени даноци, ефективната даночна стапка и пресметката на дополнителниот данок.

Во членот 28 од Законот е пропишана формулата за пресметување на ефективната стапка. При тоа, доколку пресметаната ефективна стапка на составниот субјект е пониска од 15%, постои обврска за пресметка на дополнителен данок.

Во членот 29 од Законот кој го уредува пресметувањето на дополнителниот данок, е пропишано дека разликата помеѓу минималната даночна стапка од 15% и пресметаната ефективна стапка го покажува процентот на дополнителниот данок.

Во ставот (3) од овој член е пропишана формулата за пресметување на данокот. За целите на пресметката на дополнителниот данок, вишокот на добивка утврден согласно одредбите од членот 29 од Законот се множи со споменатиот процент на дополнителен данок. Вишокот на добивка пак претставува разлика помеѓу нето квалификувана добивка и суштинското исклучување на добивката кое подетално е објаснето во членот 30 од Законот.

Во врска со делот „како појдовна основа за пресметување на дополнителниот данок ја зема фискалната 2024 година и тоа со најголем процент од 10%, односно 8%, како даночна основица за пресметување на дополнителниот данок." од гореспоменатиот навод на подносителот, се укажува дека споменатите проценти од 10% и 8% се усогласени со Директивата на Европската Унија и истите не претставуваат даночна основица за пресметување на дополнителниот данок како што е наведено од страна на подносителот на Иницијативата, туку со истите се пропишува вредноста на трошоците поврзани со вработените и вредноста на материјалните средства во одредена јурисдикција, со помош на кои се утврдува суштинското исклучување на добивката кое е од важност при пресметувањето на вишокот добивка, а оттаму и за пресметувањето на дополнителниот данок.

Имено, за да се пресмета вишокот на добивка потребно е од нето квалификуваната добивка, да се одземе суштинското исклучување на добивката, па според тоа истото ја намалува основицата за пресметување на дополнителниот данок.

Во однос на наводите за ретроактивна примена на Законот, особено се потенцираат одредбите од членовите 46, 48 и 49 од Законот кои ги уредуваат обврските на субјектите за поднесување на соодветни пријави до даночниот орган, како и обврската за плаќање на дополнителниот данок.

Имено, со членот 46 став (7) од Законот се пропишува обврска за поднесување на Пријава на информации за дополнителен данок до Управата за јавни приходи најдоцна 15 месеци по истекот на последниот ден од фискалната година за која се утврдува дополнителниот данок.

Во членот 48 од Законот е уреден рокот за поднесување на пријавата за дополнителниот данок, како и рокот за плаќање на овој данок, така што се пропишува дека составниот субјект кој подлежи на дополнителен данок врз основа на правилото за вклучување на добивката или правилото за помалку оданочена добивка во Република Северна Македонија е должен да поднесе Пријава за дополнителен данок во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата за информации од членот 46 став (7) на овој закон, а да го плати дополнителниот данок во рок од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на пријавата.

Членот 49 од Законот ја пропишува обврската за поднесување на Пријавата за домашен дополнителен данок и рокот за плаќање на данокот. Истиот уредува дека составниот субјект кој подлежи на квалификуван домашен дополнителен данок во Република Северна Македонија во согласност со член 13 од овој закон е должен да поднесе Пријава за домашен дополнителен данок во рокот за поднесување на Пријавата на информации за дополнителен данок од член 46 став (7) од овој закон, а износот на домашниот дополнителен данок е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата.

Со членот 57 од Законот предвидува исклучок од општото правило за поднесување на Пријавата за информации за дополнителен данок и Пријавата за дополнителен данок, така што рокот за преодната година се продолжува и изнесува 18 месеци по истекот на фискалната година, а во тој рок се прилагодува и рокот за плаќање на даночната обврска.

Иако, според членот 59 став (1) од Законот, истиот се применува за фискалните години кои започнуваат на 1 јануари 2024 година, Законот нема повратно дејство бидејќи согласно

горенаведените законски одредби обврската за плаќање на дополнителниот данок настанува дури по 16 месеци од истекот на фискалната година за која се утврдува дополнителниот данок.

Всушност за фискалната 2024 година, како прва година за која ќе се применува Законот, согласно одредбите од членот 57 од истиот, рокот за плаќање на данокот е уште подолг. Имено, составните субјекти ќе имаат обврска да ја поднесат Пријавата за домашен дополнителен данок до Управата за јавни приходи во рок од 18 месеци од истекот на фискалната 2024 година, а тоа е до крајот на месец јуни 2026 година и да извршат плаќање на износот на домашниот дополнителен данок во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата, значи до крајот на месец јули 2026 година.

За останатите фискални години ќе се применуваат роковите предвидени со одредбите од членовите 46, 48 и 49 од Законот. Така на пример, за фискалната 2025 година, составните субјекти ќе имаат обврска да ја поднесат Пријавата на информации за дополнителен данок до Управата за јавни приходи, најдоцна 15 месеци по истекот на последниот ден од фискалната 2025 година, а тоа е најдоцна до март 2027 година. Во истиот рок ќе имаат обврска да ја поднесат и Пријавата за домашен дополнителен данок, а до крајот на април 2027 година, односно најдоцна до истекот на 30 дена од рокот за поднесување на пријавата, ќе имаат обврска да го платат дополнителниот данок.

Според наведеното, периодот од 18 месеци (за првата година од примената на Законот-2024 година), односно периодот од 15 месеци по истекот на секоја наредна фискалната година за која се утврдува данокот или пак тоа е периодот од 19 месеци за првата година, а 16 месеци за останатите години, доколку се вклучи и рокот за плаќање на данокот, претставува значително долг период во кој субјектите ќе имаат можност да се запознаат со обврските кои се предвидени со Законот и да го прилагодат своето работење на истите.

Оттаму, се отфрлаат наводите на подносителот дека „со оспорените законски одредби на недозволен начин се крши правото на субјектите на кои се однесува овој закон да добијат доволно време во определен преоден период по стапувањето на законот на сила, во кој период ќе можат да го прилагодат нивното деловно работење со новите дополнителни даночни обврски кои овој закон ги предвидува за нив.“.

Врз основа на горенаведеното, се смета дека Законот не само што нема повратно дејство, туку и во целост е во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот, односно истиот не го нарушува темелниот принцип на владеење на правото, ниту предизвикува правна несигурност кај субјектите.

Во однос на наводот дека „во конкретниот случај не само што не постои оправдан јавен интерес за донесување на предметниот закон со одредба со ретроактивно важење, туку ваквото постапување на законодавецот е штетно за економските интереси на државата“, се истакнува дека со донесувањето и примената на Законот, не само што се усогласуваме со Директивата на Европската Унија и ги имплементираме глобалните модел правила на ОЕЦД против намалување на даночната основа, преку кои ќе обезбедиме глобално минимално ниво на оданочување на групите на мултинационални компании и на големите домашни групи и намалување на помалку оданочените добивки на мултинационалните компании на глобално ниво, важно е дека се врши заштита на даночната основа во Република Северна Македонија и се создава основ за прилив на дополнителни даночни приходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

Ова оттаму што, доколку како јурисдикција не се донесеше Законот, односно не се имплементираа правилата за плаќање на дополнителен данок, особено правилото за утврдување на квалификуван домашен дополнителен данок, правото на наплата на износот на

дополнителниот данок ќе се преотстапеше на јурисдикцијата на која припаѓа матичната компанија на групата на мултинационалните компании.

Во отсуство на пропишани правила за плаќање на дополнителен данок во Република Северна Македонија, јурисдикцијата на матичната компанија на групата на мултинационални компании ќе имаше можност преку примената на правилото за помалку оданочена добивка, да го оданочи вишокот на добивка остварен од составните субјекти кои припаѓаат на групата на мултинационални компании,  кои вршат дејност во Република Северна Македонија, а чијашто пресметана ефективна стапка е помала од минималната стапка од 15%. Така на пример, доколку нивната ефективна стапка изнесува  10%, разликата до 15%, односно 5% на данок пресметан на основата за плаќање на дополнителниот данок, ќе го наплатеше странската јурисдикција наместо нашата јурисдикција.

Со оглед на тоа дека составните субјекти вршат деловни активности во Република Северна Македонија од кои остваруваат добивка, оправдано е да дополнителниот данок го платат во нашата држава. Според тоа, наспроти гореизнесените наводи на подносителот на Иницијативата, со носењето и примената на Законот, се штитат економските интереси на државата.

Имајќи ја предвид одредбата од членот 13 став (2) од Законот со која се пропишува матичната компанија на групата на мултинационални компании која се наоѓа во Република Северна Македонија, матичната компанија на големата домашна група и сите нивни составни субјекти кои се наоѓаат во Република Северна Македонија и составните субјекти на матична компанија на групата на мултинационални компании која се наоѓа надвор од Република Северна Македонија, да подлежат на обврската за плаќање на квалификуван домашен дополнителен данок доколку нивната ефективна даночна стапка утврдена согласно одредбите од овој закон е помала од 15%, за овие компании и нивните составни субјекти е поповолно да го платат квалификуваниот домашен дополнителен данок во Република Северна Македонија, со што ќе обезбедат дополнителни приходи во Буџетот кои ќе се искористат за подобрување на состојбите и економски развој на државата, наместо износот на дополнителниот данок да го плаќаат во странска јурисдикција.

Во услови на примена на глобалните правила за ефективно оданочување на добивката, кога компаниите кои припаѓаат на група на мултинационални компании, ги исполнуваат условите за плаќање на дополнителен данок и кои во секој случај мора да го платат данокот во јурисдикцијата која ги применува споменатите глобални правила, поповолно е данокот да го платат во Република Северна Македонија, каде што вршат дејност отколку во некоја друга јурисдикција.

Не се во ред наводите на подносителот дека „ваквото законско решение од македонското законодавство во кое не е предвиден никаков преоден рок за негово стапување во сила е крајно штетно по економските интереси на земјата и ќе придонесе заради овој дополнителен данок, кој ќе се пресметува ретроактивно повеќе странски инвеститори, како и наши големи компании да го преселат нивното деловно седиште и нивните деловни активности во други држави во кои вакво дополнително даночно оптоварување не постои“ поради погоре изнесеното како и поради тоа што странските инвеститори уште пред донесување на Законот беа запознати со планираниот концепт за минимален глобален данок на добивка и истиот беше прифатен од нивна страна.

Во предметната Иницијатива, подносителот наведува и дека „од исклучителна важност е Уставниот суд на Република Северна Македонија да му укаже на Собранието дека законите кои се носат заради усогласување со правната норматива на Европската Унија, треба да се носат со

одложен рок за нивно стапување во сила, одложен рок кој треба да биде функционално поврзан со реалните можности и потреби за трансформација на правниот систем на Република Северна Македонија, рок кој е опортуно да кореспондира со моментот на полноправно членство на Република Северна Македонија  во Европската Унија“.

Во однос на овој навод, земјата има право на избор на утврдување на рок за отпочнување на примената на законите, односно дека истиот не мора задолжително да е поврзан со датумот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија, особено за оние закони за кои ќе се оцени дека е поповолно да се применат и порано, поради тоа што со истите се штитат економските интереси на државата и се овозможуваат позитивни фискални импликации во Буџетот, како што е случајот со Законот за минималниот глобален данок на добивка.

Дополнително и во услови кога не би постоела Директива на Европската Унија, основ за носење на предметниот Закон може да бидат глобалните модел правила на ОЕЦД, со оглед на тоа дека Република Северна Македонија е една од 139-те земји кои го поддржаа пакетот мерки на ОЕЦД против намалување на даночната основа.

Примерот за Република Хрватска наведен во Иницијативата од страна на подносителот на истата, односно образложението дека Законот за минимален глобален данок е донесен по повеќе од 10 години по приемот на Република Хрватска во Европската Унија, не е соодветен, со оглед на тоа дека не е возможно Законот да бил донесен порано, на пример пред нејзиниот пристап во Европската Унија кога станува збор за законско решение кое произлегува од нова директива на Европската Унија, донесена во 2022 година.

Согласно горенаведеното, одредбите од членот 54 став (1) и став (2) и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата од адвокат Боби Спирковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2025 за оценување на уставноста на член 54 став (1) и став (2) и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

**<u>Точка 58</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 19 став 1, во делот: „управува" и член 20-а во деловите: „или подзаконски акт донесен од Управниот одбор на Дирекцијата" и „може да се обезбедат и од сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата" од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25),  во член 19 став (1) стои:

„Со Дирекцијата управува Управен одбор кој е составен од седум члена и тоа по еден член предложен од претседателот на Владата, министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, министерот надлежен за работите од областа на транспортот и тројца членови предложени од корисници на технолошките индустриски развојни зони.”.

Во член 8 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991) е предвидено дека: „Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;

- слободното изразување на националната припадност; соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа;

-владеењето на правото;

- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;

- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;

- правната заштита на сопственоста;

- слободата на пазарот и претприемништвото;

- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;

- локалната самоуправа;

- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и

- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Северна Македонија слободно е сè што со Уставот и закон не е забрането.“.

Во член 51 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека: „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.“.

Имено, ако се има предвид напред наведеното, јасно може да се заклучи дека во член 19 став (1) или со целиот член, законодавецот сака да направи прецизно раздвојување на управувањето на Дирекцијата заради, компактно, ефикасно и ефективно функционирање на институцијата и поради, транспарентноста и отчетноста за работењето на истата.

Во ова одредба се определува, дека со Дирекцијата управува Управен одбор, за кој во Законот е определена јасна структура на членови и нивниот мандат.

Ваквата позиција на Управниот одбор е во согласност со принципите на владеење на правото. Ова позиција не е во спротивност со принципите и начелата врз основа на кои извршната власт

е поставена и уредена, односно истата се состои од органи на државната управа, други органи на државната управа и управните организации, а чија основа е уредена со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во напред наведената смисла, Дирекцијата е правно лице, кое спаѓа во групата на други органи на државната управа и со кое управува Управен одбор, а одлуките на истиот ги спроведува, односно извршува директорот на Дирекцијата.

Наводите во Иницијативата за оценување на уставноста на цитираната одредба, дека со неа во исто време се дава можност во Дирекцијата да има Управен одбор и директор на Дирекцијата, не е во согласност со одредбите од Законот и Уставот, се неосновани и истите се по слободно видување на подносителот на Иницијативата затоа што:

-Дирекцијата е правно лице ;

- управувањето со Дирекцијата е дадено на Управниот орган;

- извршувањето на одлуките на органот кој управува со правното лице ги извршува директорот на правното лице;

- нема преклопување на управувањето со правното лице затоа што Управниот одбор е тој што управува и одлучува за работењето на Дирекцијата, а директорот е само извршен орган кој ги спроведува одлуките на Управниот одбор и го организира и раководи работењето на вработените во самата Дирекција како непосредни извршители на законите и донесените одлуки на Управниот одбор. Имено, ставот (1) од член 19 и целиот член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони е во согласност со член 8 од Уставот со кој се обезбедува владеење на правото и член 51 со кој се бара усогласеност на сите закони меѓусебно и во согласност со Уставот.

Во однос на наводите во Иницијативата за оценка на уставноста дека и член 20-а став (3) не е во согласност со член 32 од Уставот се укажува на следново:

Во член 20-а став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр.13/23 и 59/25) стои:

„Зголемувањето на основната плата и додатокот на плата за ниво од ставовите (1) и (2) на овој член, нивната висина и начинот на утврдување се уредуваат со Колективен договор или подзаконски акт донесен од Управниот одбор на Дирекцијата, а средствата покрај тоа што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, може да се обезбедат и од сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата.".

Во член 32 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека:
„Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.

Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка.

Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.“.

Со напред наведеното, се укажува дека со член 20-а став 3 од Законот се дава можност за дополнително уредување на платите како исклучок од систем на плати, кој е уреден со закон и колективен договор, а кој се применува за вработените во Дирекцијата. Овој исклучок за уредување на платите е поповолен и е во согласност со принципот на поповолност на одредено право од работен однос кое може освен со закон да биде уреден и со колективен договор или на друг начин предвиден со закон.

Комплементарно, ако Уставот, во член 32 уредил дека, секој вработен има право на соодветна заработувачка, тогаш јасно се заклучува дека споменатиот член 20-а став (3) доследно го запазува принципот на соодветна заработувачка според видот на работното место, сложеноста на работните задачи, потребните работни вештини кои се бараат за вработените во Дирекцијата, принципот на поповолност на уредување на правата од работен однос од Законот, колективниот договор или друг начин предвиден со закон, како што е во конкретниот случај.

Согласно напред наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот дел од член 19 став 1, во делот: „управува" и член 20-а во деловите: „или подзаконски акт донесен од Управниот одбор на Дирекцијата" и „може да се обезбедат и од сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата" од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25) се во согласност со членовите 8, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на горенаведените членови од Законот.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4739, за КО Горно Лисиче, на КП бр.4036/1, викано место/улица „Г.Лисиче“, и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Министерството за транспорт.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.784, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.721/2, викано место/улица „Мандра“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1510, на КП бр3357/2, за КО Слатино, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103132, на КП бр.3202/1, за КО Охрид 4, викано место/улица „Дебело Поле“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Лазова-Ѓорчева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.435, на КП бр.2540/3, за КО Сопот, викано место/улица „Вршник“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.48558, на КП бр.3988/2, за КО Центар 1, викано место/улица „380“ и по Понудата ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и Мислењето од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката.

**Точка 65**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1895/2022 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21869, за КО Охрид 4, на КП бр.3848, викано место/улица „Живко Чинго“ бр.186, Охрид и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за транспорт.

**Точка 66**

1. Владата на Вероника Бучковска, вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ѝ утврди престанок на функцијата, поради истек на времето за кое е именувана.

2. Владата го именува Сашко Мицевски за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Бесник Ферати за заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

4. Владата ја именува Љуљвере Абази за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

5. Владата го разреши Владица Максимоски, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ за деца – Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар.

6. Владата ја именува Розета Стурче-Клобучишта за член на Орган за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Дебар.

7. Владата ја именува Снежана Ајтовска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

8. Владата ја именува Билјана Мазароска за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Крушево, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

9. Владата ја именува Родна Трајковска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес, претставник од Советот на општината.

10. Владата го разреши Зоран Илиевски, од должноста претседател – истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

11. Владата го именува Марјан Прпоски за претседател – истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

13. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на КПУ Затвор-Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

14. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

## Точка 67

**1.** Владата, по повод одбележувањето на настанот една година формирање на Влада, под слоган „Доаѓа времето на Македонија“, кој ќе се одржи на 23 јуни 2025 година, со почеток во 20 часот на платото пред Владата на Република Северна Македонија, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди потребна опрема (цветно уредување, говорница, техничка опрема, вода, знамиња, црвен тепих и др.), како и превоз за опремата, за потребите на настанот.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на настанот.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за протокол, да подготви листа на гости, агенда и организациски подготовки за протоколарните делови.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Секторот за односи со јавност, да подготви сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот.

6) Се задолжува Министерството за здравство, да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим на настанот кое ќе биде присутно на локацијата.

7) Се препорачува на Град Скопје, да обезбеди едно противпожарно возило на денот на одбележување на настанот.

8) Се укажува на ЈРП Македонска радио-телевизија на Република Северна Македонија, да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на настанот.

**2.** Владата по повод заклучокот од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година, по Информацијата за склучување на спогодба за плаќање на рати и ослободување од камата по правосилната и извршна Пресуда на Основниот граѓански суд-Скопје 52 ТС.бр.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужба на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за финансии да изработи текст на спогодба за плаќање на долгот кон Цементарница Усје АД Скопје и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата.

**3.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на заклучоци од Извадокот од Нацрт – записникот од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јуни 2025 година, точка 30, по Информацијата за измена на вкупниот износ потребен за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот ,,Мајка Тереза" во Скопје – прва фаза, го усвои и заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, прва фаза, со следнава динамика:
- 2025 година: 134.982.657,00 денари, со вклучен данок на додадена вредност, за изведување градежни работи, а 3.461.093,00 денари, со вклучен данок на додадена вредност, за вршење на стручно-технички надзор.
- 2026 година – 2030 година: за секоја година поединечно 471.006.468,60 денари, со вклучен данок на додадена вредност, за изведување градежни работи, а 14.307.781,40 денари, со вклучен данок на додадена вредност, за вршење на стручно-технички надзор.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид овие изменети заклучоци при утврдување на буџетот на Министерството за образование и наука за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година.".

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот август - декември 2024 година), како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје, за период од 1.10.2024 година до 31.12.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје, за период од 1.1.2025 година до 31.3.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.10.2024 година до 31.12.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, со споредбена анализа, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Планот за изменување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Одлуката за измена на Финансиски план за 2025 година на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на хаварисани противпожарни возила кои не се користат, а има можност за нивно оспособување, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација - М-НАВ АД Скопје за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Акционерското друштво, со Прелиминарен годишен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација - М-НАВ АД Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци.

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за водостопанство за 2025 година.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (трета одлука).

**Точка 82**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (десетта одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по истата.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (единаесетта одлука).

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1568/4).

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1572/5).

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1568/3).

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1568/5).

**Точка 88**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (стота одлука) и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и втора одлука) и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на авионски транспорт со државниот воздухоплов на македонски граѓани од Шарм Ел Шеик, Египет до Република Северна Македонија, по настанатата состојба во Израел (усогласена со Секретаријатот за законодавство), ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со државниот воздухоплов да го организира транспортот на 17.6.2025 година, на релација Република Северна Македонија-Шарм Ел Шеик, Египет-Република Северна Македонија, за планирана евакуација на македонски граѓани од Израел.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Предлог–лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс Бет“ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Скупи“ бр.1Г/1-д.п.1 Скопје-Карпош за уплатно-исплатното место во Подружница 39 Тифани Скопје на ул. „Васил Главинов“ бр.14/1 Скопје–Центар и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница.

По однос на оваа точка, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, гласаше „воздржано“.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство), ја утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 204 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за итно постапување за имплементација на повикот „ЕУ за зелена економија“, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија да испрати писмо за изразување на намери за назначување на Генералниот секретаријат на Владата на Северна Македонија, како водечка институција за спроведување на проектот „ЕУ за зелена економија“.

**Точка 94**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Миливоје Никиќ против Северна Македонија А.бр.23839/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Миливоје Никиќ против Северна Македонија А. бр.23839/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот Миливоје Никиќ против Северна Македонија А. бр.23839/22, ќе му исплати вкупен износ од 1.750 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Миливоје Никиќ против Северна Македонија А. бр.23839/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права признавајќи ја повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.